# АКТИВНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ВРЕМЕ НА КОВИД-19

Забележлив е значителен пад на креирањето активности и политики за време на почетокот на кризата со ковид-19. Процентот на организации што развиваат политики повторно почнал да се покачува, но е важно да се забележи дека за време на месеците кога се креираа антикризните мерки, организациите значително помалку креирале активности и политики што државата може да ги преземе.

## *Истражување 2018-2021*




Дополнително се забележува и значајна корелација (.274) во однос на учеството на граѓанските организации и креирањето предлози и активности за политики, од една страна, и членството во мрежи, од друга. Организациите што изјавуваат дека се дел од некоја мрежа се многу повклучени во креирањето предлози и активности и нивно застапување во споредба со организациите кои не се дел од мрежи.

